**ЗАПИСНИК**
**од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.09.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.09.2022 година.
2. Предлог-одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
3. Предлог-Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година.
4. Информација во врска со Барањето од комерцијалните радиостаници на државно ниво.
5. Предлог-одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга од Биро за превод.
7. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки", со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.

8. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.09.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека на една од претходните седници Советот донесе заклучок да се разгледа можноста за инсталирање на фотоволтаици на објектот на АВМУ, со цел да се изврши заштеда на електрична енергија и заради енормното зголемување на сметките за потрошена електрична енергија. Наведе дека Агенцијата го разгледа заклучокот и согледа дека постапката за да може да се реализира е таква да мора прво да се изработи физибилити студија, а потоа ако се покаже оправданост да се набави и опрема која што ќе биде монтирана на кровот на објектот на Агенцијата. За таа намена се предвидуваат 4.500.000,00 денари од кои за изработка на физибилити студија 400.000,00 денари и 4.100.000,00 денари за проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетска мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на Агенцијата. Исто така информира дека Агенцијата доби допис од Владата на РСМ каде што радиодифузер побарал финансиска поддршка за организирање на јубилеен „Турнир во мал фудбал на медиуми“ и каде што ќе бидат поканети претставници од повеќе држави од регионот и доколку АВМУ е во можност да донира 250.000,00 денари. Од овие причини Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година треба да се зголеми од средствата кои Агенцијата ги има акумулирано од претходните години. Посочи дека на крајот на годината поради заштеди на финансии од спроведување на јавни набавки реално планот нема да го надмине оној што беше усвоен минатата година во декември.

Г-дин Петрушевски рече дека и тој очекува да биде онака како што кажал директорот, но поради финансиски процедури и причини мора вака да се постапи. Парите мора да се имаат и да се стават во планот теоретски, но практично не мора да се потрошат. Заради започнување на процедура и заради контрола од ревизија, каде што мора да се покаже дека има пари за да се започне процедурата, мора да се обезбедат средства. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот и ќе гласа позитивно. Минатата седница лично дискутирал и добил поддршка од членови на Советот г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев во насока на поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата. Останува и сега на тој став, рече дека е разумен и храбар чекор и сега малку му е жал што и порано не се започна со ваков проект.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка. Објасни дека праксата на Агенцијата покажува дека најчесто од тоа што е зацртано многу помалку е потрошено, меѓутоа добро е со одлука да се обезбедат средства за сите потреби однапред, но не мора да се потрошат. Рече дека ќе се приклучи во дискусијата што ја почна г-дин

Петрушевски околу фотоволаиците. Се залага и дава силна поддршка затоа што смета дека во ваква ситуација во која што се соочуваат сите воопшто во светот и ние како држава со потенцијалната голема енергетска криза во претстојниот период, најмалку 6 месеци или можеби повеќе, добро е да се испита можноста Агенцијата да има производство на електрична енергија која ќе ја искористи за нејзини потреби. Укажа на два момента. Претходните ден-два разлистувајќи различни информации по интернет, првата била од нашата држава. Имено во Кавадарци само од тоа што биле поставени фотоволтаици во повеќе институции во градот, општината заштедила во претходниот месец над 1 милион денари што укажува дека има исплатливост зависно од потребата. Втората информација била во врска со светското првенство во фудбал 2026-та кое ќе се игра во три држави, Канада, САД и Мексико. Финалето е предвидено во САД во градот Далас на стадионот „Dallas Cowboys" кој што ќе биде реновиран и кој што ќе прими 100 илјади гледачи, но кога ја погледнал фотографијата од близу горе на кровот на стадионот имало поставено фотоволтаични панели што веројатно ќе се користат за потребите на стадионот за електрична енергија. Од тие причини смета дека овој проект ќе биде успешен и дека на крајот ќе има народски кажано „аир" од сето ова.

Г-дин Петрушевски рече дека дискусијата на г-дин Фиданоски го потсетила на информација која утрово ја прочитал, веројатно Google го следи пребарувањето на корисникот и нуди информации на таа тема а во текот на годината многупати барал информации за фотоволтаици. Имено во Калифорнија регионалната Влада донела одлука да секој кој што ќе поднесе барање до 40 киловати и домаќинства не само фирми, дека под таа вредност надлежниот орган мора за еден ден да му даде одобрување. Целта е веројатно поради тоа што Калифорнија е многу сончева држава и сите да имаат фотоволтаици на покривите.

Г-дин Ајдини рече дека се приклучува на дискусијата во врска со поставување на фотоволтаици. Како што било истакнато на минатата седница од дискусиите на г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев дека една таква инвестиција сигурно ќе придонесе за намалување на трошоците а од друга страна и придобивките ќе бидат големи. Бидејќи очекувањата се дека и наредните години ќе има криза за електрична енергија, рече дека во целост ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Трајчев во однос на предлогот за фотоволтаици рече дека дискутирале минатата седница и изразил целосна поддршка, посебно поради тоа што го слушал претседателот на регулаторна комисија за енергетика кој што најавил дополнително зголемување на цената на електричната енергија и навел некои бројки споредбено со минатата година, ако било 60 евра по мегават час веќе се затвора за последниот квартал од оваа година на 600 евра и првиот квартал од следната година дури неговите проекции се дека може да достигне до 1000 евра што е значително зголемување на цената на електрична енергија и апсолутно Советот и Агенцијата како регулаторно тело кое што треба да се грижи за буџетот и за државните средства добро е да преземат мерки кои што ќе бидат во насока на добивање на заштеда на средства и дека оваа одлука е добра од тој аспект. Ќе се види што ќе покаже физибилити студијата која што треба да се изработи, верува дека ќе покаже дека може да се постават панели, во зависност од површината, техничките можности и слично. Рече дека ќе постави процедурално прашање во однос на самата одлука со која што се доделува финансиска помош, и бидејќи сега се утврдува буџетот на АВМУ, се менува Финансиски план, праша дали треба да биде наведен субјектот за кој што се однесува донацијата, затоа што во

наредните седници има таква точка за доделување на финансиска помош – донација за која што ќе гласаат за одобрување или не. Праша дали во самата одлука треба да стои името на субјектот за кого се однесува донацијата или треба да стои само измена каде ќе се определи ставка за финансиска помош? Негово мислење е дека само како ставка треба да биде определена а потребата за кого е наменета е понатаму дали ќе се усвои или не и ќе се образложат аргументите во таа насока.

Г-дин Трајчевски рече дека предлогот се прифаќа, и предлогот што ќе го гласа Советот да биде без името на радиодифузерот туку само за финансиска помош – донација.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува и дека ќе се направи мала корекција на предлогот односно во самата одлука која Советот ја одобрува, да се избрише конкретното име на медиумот и во заклучокот. Бидејќи и директорот ја прифаќа корекцијата и за него е прифатливо и влегува како официјален предлог за заклучок.

Советот на Агенцијата со корекцијата, едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

Со предложеното зголемување на Финансискиот план за 2022-ра година, вкупните планирани приходи и расходи според планот ќе се зголемат за 4.750.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 148.504.238,00 денари.

Средствата кои ќе се обезбедат во износ од 4.750.000,00 денари ќе бидат наменети за:

- финансиска помош – донација во износ од 250.000,00 денари, со цел поддршка на настани и проекти на јавен интерес на радиодифузери;
- Изработка на физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во износ од 400.000,00 денари и
- Проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетска мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во износ од 4.100.000,00 денари.

Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова ја образложи Предлог-Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година. Објасни дека овој документ претставува предлог кој што има идентичен текст како нацртот кој што Советот го усвои во јули оваа година. За него беше отворена јавна расправа со траење од 60 дена, но никој не достави забелешки, став, мислење или предлози во насока на некаква интервенција во текстот. Целата измена и дополнување се врши со цел да се усогласи самата Методологија со измените на Законот како и поради фактот што некои од подзаконските акти беа донесени по носењето на методологијата.

Г-дин Петрушевски рече дека веројатно никој во државата немал потреба да предложи нешто поинаку и се изјасни дека ќе го поддржи документот како што е предложен односно исто онака како што беше предложен во нацрт верзија.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година.

Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Методологија да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето предложи веднаш да се објави на веб страницата на Агенцијата да си знаат медиумите за наредни избори и другите субјекти што може да очекуваат.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со Барањето од комерцијалните радиостаници на државно ниво. Објасни дека пред околу еден месец и половина бил информиран од 4-те национални радија дека се соочуваат со сериозен проблем во насока на енормно зголемување на сметките за електрична енергија. Посочи дека 4-те национални радија се во најтешка состојба во однос на сите останати радија и телевизии бидејќи имаат повеќе од 30-тина предаватели на различни локации во државата и за секој од тие предаватели плаќаат надоместок за електрична енергија. Еден дел од тие предаватели се на македонска радиодифузија меѓутоа и тамо плаќаат кирија и плус сметка за потрошена електрична енергија. Со ова веќе се доведува во прашање нивното реално функционирање и можна ситуација да престанат да работат. Со оглед на тоа дека АВМУ не може финансиски да ги поддржи во плаќањето на сметките за електрична енергија, предлага да им се даде поддршка доколку Владата е во можност да обезбеди финансиски средства за надминување на оваа крајно незавидна положба во која се наоѓаат радиодифузерите бидејќи погодени се сите радиодифузери од зголемувањето на цената на електричната енергија, но сепак посебно националните радија и со оглед на тоа дека во наредниот период ќе се започне со подготовка на Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, предложи да им се излезе во пресрет на радиодифузерите, не само за 4-те национални радија туку за сите радиодифузери во рамките на можностите на Агенцијата да се обезбеди помош од 25% донација односно намалување на надоместокот од 25% што го плаќаат за радио и телевизиско емитување. Убеден е дека доколку не беше ова драматично зголемување на сметките за струја Агенцијата ќе можеше и оваа година да дозволи намалување на надоместокот за 50%. Но, во оваа ситуација во која што се наоѓа регулаторот, ова е максимумот што може да го понуди. Изрази надеж дека доколку следната година се подобри ситуацијата Агенцијата можеби ќе има можност да го зголеми тој процент меѓутоа сега во овој момент АВМУ не може да размислува во таа насока.

Г-дин Петрушевски го праша директорот дали ова е четврта или петта година како Агенцијата им доделува финансиска помош на радиодифузерите со намалување на годишниот надоместок?

Г-дин Трајчевски одговори дека ова е веќе 5-та година со тоа што три години 2019, 2020 и 2021 им се вратија целосно парите од надоместокот односно 100%, во 2022 година имаа намалување од 50% и за 2023 та година од 25%.

Г-дин Петрушевски рече дека ова навистина претставува сериозна помош кон радиодифузерите и не верува дека некоја друга институција би си го дозволила. Рече дека ќе го поддржи предлогот, затоа што ова е чесен предлог бидејќи 4 радиодифузери бараат а помошта ќе важи за сите телевизии и радија бес исклучок.

Г-дин Ајдини рече како што истакнал и директорот радијата имаат поголеми трошоци во врска со предавателите а имајќи предвид дека кризата станува се потешка и потешка особено кај дејностите од јавен интерес, смета дека заеднички ќе се преброди оваа криза со тоа што ќе се помогне на радиодифузерите. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Фиданоски рече Агенцијата веќе 5-та година дава помош но ако е во можност би поддржал и 15 години, но верува дека овој процент што се предлага е максимумот како што кажал г-дин Трајчевски што може да се понуди а без притоа да се наруши нормалното функционирање на Агенцијата како институција и апсолутно дава поддршка. Што се однесува до барањето на 4-те радија исто така дава поддршка и за тоа да се донесе заклучок Владата ако е во можност да ја обезбеди таа финансиска помош. Ако е можно, не гледа пречка, дополнително да се упати писмо до Владата. Вчера го следел премиерот Ковачевски, најавил регулирана цена на струјата за неколку институции или дејности од јавен интерес и бидејќи и ова е дејност од јавен интерес можеби и овие би можеле некако да влезат во таа регулирана цена, ако евентуално имаат такви пресметки и ако може да го одобрат тоа. Претпоставува дека со тоа многу ќе им се олеснат вкупните трошоци на овие 4 радија. Се согласува дека им се големи трошоците заради тие предаватели кои мора да се одржуваат за да може сигналот да тече и непречено да се дистрибуира.

Г-дин Петрушевски рече дека единствена дилема е дали и Владата ќе постапи како Агенцијата, дали само за овие четири медиуми би вовела некоја регулирана цена или тоа би важело за сите радиодифузери. Прашање е ставот на Советот каков да биде дописот, дали да биде дека го поддржуваат нивното барање или сами да дадат додавка дека добро би било ако може регулирана цена за сите медиуми да биде. Така некако по хумано му изгледа да не ги двојат. Појасни дека и директорот му дофрлил дека дописот би бил во насока за сите медиуми.

Г-дин Петрушевски го стави предлогот на гласање, Советот да донесе Заклучок донација од 25% кои ќе се реализираат следната година а самото писмото до Владата да биде испратено одма, ако е во можност да обезбеди финансиска помош за дистрибуција на сигналот за медиумите.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата во врска со Барањето од комерцијалните радиостаници на државно ниво, бр.03-3495/2 од 27.09.2022 година.

Имајќи ги предвид тековните случувања со енергетската криза и големиот раст на цената на електричната енергија кој директно се одразува врз функционирањето и економската одржливост на радиодифузерите и имајќи ја предвид значајната улога којашто ја имаат медиумите за плурализмот и развојот на демократските општества, Советот едногласно го донесе следниот заклучок:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да обезбеди финансиска помош – донација за радиодифузерите која ќе се реализира преку намалување од 25% на нивниот надоместок за дозвола за радио и телевизиско емитување за

2023 година, пресметан согласно формулата утврдена во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Да се достави допис до Владата доколку е во можност да обезбеди финансиска помош за покривање на трошоците за дистрибуција на сигналот на сите радиодифузери.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за исплата парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство (татко), на работник  во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот  план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

**Точка 6**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга од Биро за превод. Објасни дека станува збор за стандардна набавка од мала вредност за период од 2 години. Оваа набавка е неопходна за работата и функционирањето на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно  даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Биро за превод.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Биро за превод е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 7**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки“, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни дека ова е набавка под вредносните прагови до 1000 евра. Целта на оваа набавка произлегува од годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата. Целта е да се запознаат вработените со креирањето на техничките спецификации како и дефинирање на критериумите за утврдување на способност. По спроведувањето на обуката учесниците би добиле сертификат за успешно следење на обуката. Проценетата вредност на набавката е 44.000,00 денари без ДДВ.

Г-дин Трајчев рече дека Советот не навлегува во начинот на спроведување на набавката но сака да укаже дека секогаш во вакви ситуации е подобро иако е мала вредноста но секако подобро е да се побараат повеќе понуди од разни понудувачи кои го задоволуваат потребниот квалитет на услугата што ја даваат. На пазарот има повеќе фирми што ја нудат оваа услуга. Ова е негово укажување но сепак спроведувањето на набавката е во надлежност на Агенцијата и таа ќе одлучи како ќе ја спроведе.

Раководителот Џуваревиќ објасни дека со избраниот економски оператор веќе подолго време Агенцијата има соработка и повеќе обуки се спроведени со нив.

Г-дин Петрушевски рече дека до сега Агенцијата имала ваква практика да има повеќе понудувачи и добро е и понатаму да се следи оваа пракса.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга – обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки“, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 44.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека во него има една мала измена односно само во Секторот за информатичка поддршка и јавни набавки се додава работно место „виш соработник“.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот подзаконски акт да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3546/9

06.10 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**